Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 22.2.2021

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 188 | | |


# ПРОГРАМА

за работа

на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје

во состав на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

(мандатен период 2021-2024)

кандидат

**проф. д-р Лазо Пендовски**

22.02.2021

Скопје, Р С Македонија

## Содржина


1. Вовед........................................................................................ 1
2. Високо-образовна дејност................................................................ 5
   2.1 Додипломски и последиплоски студии........................................ 9
   2.2 Континуирана едукација, доживотно учење и неформално образование.......................................................................... 14
3. Научно-истражувачка дејност........................................................ 17
4. Апликативна дејност.................................................................... 20
5. Обезбедување на квалитет (Quality assurance) .................................. 23
6. Грижа за студентите и нивната вклученост во работа на ФВМС....... 25
7. Унапредување на алумни мрежата на ФВМС...................................... 28
8. Инвестиции во капитални ресурси.................................................. 29
9. Инвестиции во персонал и кадровски потенцијал.............................. 33
10. Организациона поставеност на ФВМС............................................ 36
11. Финансиско работење................................................................. 39
12. Заклучок.................................................................................. 43

# 1. ВОВЕД

Декан на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје е почесна и престижна функција за чие извршување е потребна висока совест и одговорност, темелна работа и посветеност кон развојот и унапредувањето на дејностите на Факултетот како и професионализам при извршувањето на работните обврски.

Успехот на деканот е можен само со инкузија и допринос на сите вработени од Факултетот преку транспарентна, одговорна, чесна, искрена и зедничка работа.

Извршувањето на функцијата декан на ФВМС ја гледам како привилегија за исполнување на визијата и мисијата на Факултетот.

Истовремено преставува можност за координација и управување со комплексен систем кој е заснован на принципите на добра академска соработка, земајќи ги во предвид традицијата, позицијата и значењето на Факултетот како сервис од јавен интерес со национален предзнак во нашата држава кој овозможува квалитетна едукација и научно-истражувачки развој, просперитет и благостојба на вработените и студентите како и на целото општеството во кое живееме.

Искуството од претходниот манадат ми покажа дека во една академска средина, едни до најважните особености кои мора да се поседуват за да се унапредува и развива дејноста на нашиот Факултет се брзината на делување, носењето на одлуки со кои се решаваат отворените прашања, способноста за справување со конкуренцијата и правилното менаџирање со ресурсите на институцијата.

Денес кога сеуште ја извршувам функцијата на декан, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје го профилиравме како институција која покрај основните дејности во високо образование, едукација и истражување, е носечки столб во државата за испитување на заразните болести, квалитетот и безбедноста на храна, репродукцијата и благосостојбата кај животните и секако преставува темелот на клиничката дејност. Синергијата на овие дејности на ФВМС се предизвик за секој иден кандидат кој претендира за позицијата декан,

бидејќи Факултетот е институција од стратешки интерес и дизајниран за потребите на државата.

Во изминатите неколку години, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје се препознава како еден од најпросперитетните факултети на Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје чии дескриптори се позитивните биланси на состојба веќе четири години по ред. ФВМС е една од најмладите единици на УКИМ за која кандадатот за иден декан мора да обезбеди континуитет во развојот подобрувајќи ги перформасите секоја наредна година.

Како иден декан на Факултетот ќе се водам од усвоените приоритети на Стратегијата за развој на ФВМС (2018-2023), Стратегијата за развој на УКИМ (2019-2023) и ќе ги почитувам сите идеи кои водат до напредок во сите сегменти на делување на Факултетот. Но исто така ќе се водам од принципите кои се основна компонента на секоја високобразовна институција а тоа се одржливиот развој кој се заснова на едукација и наука како и примена на иновации и инклузивност на поединецот. Оваа концептуална рамка ќе биде приеменета на ФВМС преку сите негови активности кои ќе ги координирам како декан и ќе се изведуваат во следниот мандатен период.

Свесен сум за финансиските тешкотии и времето во кои живееме, што многу брзо ќе биде проследено со тешка економска криза во следните години која доаѓа во нашата земја, а тоа силно ќе се рефлектира и на нас како Факултет. Но, без оглед на сè, верувам дека го имам потребното искуство и дека во време на сериозни економски и други потешкотии можам да го задржам континуитетот на развој на дејностите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

Така, заедно со мојот тим и во услови на пандемија со Ковид 19 успеавме да го одржиме стабилниот економски просперитет и развој на ФВМС, и истовремено да воспоставиме бројни научни и стручни соработки со видни и угледни институции во земјава и во странство, афирмирајќи ја својата едукативна, научна, апликативна и клиничка дејност.

Посебните предизвици во високото образование кои денес се насочени кон интернационализација и интердисциплинарност во истражувањето, препознатливост во применувачката работа како и квалитетна едукација ќе бидат основите на кој ќе се темели развојот на ФВМС од кои ќе се водам како

иден декан кој има обврска исто така и да ја унапредува и промовира ветеринарната професија.

Основните начела што ќе ги следам како декан ќе бидат насочени кон преземање на лидерство заедно со мојот тим со особена почит кон секој вработен има креативни идеи, размислувања и визија за развој. Воведувањето на квалитетна настава заснована на научни сознанија, развој на науката и апликацијата, зголемување на соработката и инерактивната комуникација помеѓу наставниците и студентите се дел од задачите на кои ќе работам интензивно во следниот период.

Притоа, како и досега ќе ги почитувам вредностите кои се одлика на еден Факултет како што се почитување на законите и сите правни акти од областа на високото образовени но и од другите области по кои работи ФВМС а особено оние од областа на финасиите, почитување на основните права на вработените и студентите силно развивајќи го принципот на почитување на интегритетот и достоинството на личноста, правото на академска слобода на наставно-научниот кадар и сите поединци кои имаат креативни идеи и висок професионализам во работењето како еден од клучните сегменти за напредок на Факултетот.

Како иден декан ќе се заложам да се зголеми соработката и унапредат професионалните односи помеѓу вработените а особено ќе се обидам што е можно поефикасно да ги икористам сите расположливи ресурси со цел да ја зголемам нивната благосостојба. За да се постигнат овие цели, ќе се водам единствено од критериумите потребни за евалуација и унапредување на вработенот кадар, кои според моите принципи на работа се стручност, способност, чесност, воспитаност и стекнатите компетиции со постигнатите резултати во извршувањето на работните обврски на Факултетот.

Програмата за работа на ФВМС во наредниот мандатен период (2021-2024), што ја доставувам како кандидат за избор на иден декан, е во согласност со законските и подзаконските правни акти кои го регулираат високото образование и правните акти на УКИМ и нашиот Факултет. Во неа се прикажани моите сопствени согледувања до кои дојдов во изминатиов период вршејќи ја должност на декан која ми помогна да ги согледам предностите но и недостатоците кои ги има ФВМС.

На Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во изминатите години се случија промени.

Со воведувањето на новиот Закон за високото образование во 2018 година се воведоа разни реформи и се отворија големи предизвици на кои работев заедно со мојот тим и постигнавме резултати кои како декан ги овековечив во Извештајот кој ви го доделив заедно со програмата за иден декан во кој на транспратентен начин се прикажани најголемите достигнувања на ФВМС во изминатиот мандат. Оваа публикација е прва на Факултетот во измнативе 30 години која има ISBN број и CIP категоризација со што ќе остане како траен запис за идните генерации и во библиотеките ширум нашата држава.

Програмата за избор на декан на ФВМС која ви ја поднесувам има за цел да се наведат основите на работа на идниот декан и да се прикаже дел од активностите кои се планираат во мандатниот период со цел понатамошен развој во сите главни дејности (наставна, научна, апликативна и клиничка дејност) од работата на Факултетот, кои претставуваат една неделива интегрална целина.

Уште повеќе што Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје како организациона единица во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бележи 30 години од своето основање како високообразовна установа со што ја има постигнато својата матурација, па затоа е време за еден поников Факултет кој ќе се води од прицыпите на Европските акредитирани ветеринарни институции и ќе се стерми кон нивно постигнување.

Со цел понатамошно развивање на едукацијата, научно-истражувачкиот капацитет, унапредување на апликативната и клиничката дејност на ФВМС, ќе дадам посебен акцент на следните приоритетни цели:

- континуитет на едукативниот процес преку унапредување на сите сегменти кои се одлика на една високобразовна институција;
- осовременување, продлабочување и интернационализација на научно-истражувачката дејност;
- унапредување и проширување на апликативната и клиничката дејност со зголемена пазарна ориентираност;
- доопремување, осовременување и проширување на капацитетите на вежбалните, салите за практична настава и предавалните;

- набавка на нова опрема во лабораториите и клиниката;
- зголемување на кадровските потенцијали за наставен, ненаставен, административен и помошно-технички кадар;
- грижа за студентите и нивната вклученост во сите нивоа од дејностите на ФВМС;
- подобрување на финансиското работење на Факултетот и создавање на можности за подобрување на стандардот и условите за работа на вработените;

Но исто така, еден од главните приоритети во манадатниот период за декан на кои ќе работам посветено се реформи во организационата поставеност на работата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје со цел усогласување со регионалните и европските факултети за вршење на високобразовна дејност од областа на ветеринарната медицина.

## 2. ВИСОКО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Мисијата и целта за која е основан Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје е да овозможи едукација заснована на научни и стручни достигнувања од областа на ветеринарната медицина.

Како иден декан на Факултетот ќе се залагам за унапредување на основната дејност за која е основан како високобразовна институција, а тое е да образува идни доктори по ветеринарна медицина и да овозможи стекнување на практични вештини и знаења со кои идните доктори по ветеринарна медицина ќе се профилираат и ќе бидат способни да решаваат прашања од областа на ветеринарната медицина и сродните науки.

Во мандатниот период ќе се залагам Факултетот да практикува образовен процес кој ќе овозможи да се исполнат критериумите специфични за регулираните професии со цел признавање на стекнатите квалификации од страна на работодавачите во општеството и целосна интеграција на нашите дипломирани кадри на домашниот и Европскиот пазар.

Свесен сум, а и искуството ми покажа дека за развој на високобразовната дејност потребно е градење на долгорочна стратегија и голема подршка од

државата. Без реформи во високото образование како што е автономијата на Универзитетите и Факултетите не е можно да се постигне посакуваниот квалитет за образување на нашите студенти.

Сметам дека сите засегнати страни во процесот на високото образование треба да се стремат кон постигнување на компетенциите кои се потребни на пазарот на трудот. Нашите дипломирани кадри ќе мора да бидат оспособени за анализа и способност за решавање на проблеми, практична примена на теоретско знаење, прилагодување кон новонастанати состојби, квалитет, независност, способност за работа во тим, способност за комуникација со развиени меѓучовечки добри односи како и поседување на култура и социјална свест.

Во изминатиот мандат се направени позитивни исчекори и унапредување на наставниот процес. Наставните програми се целосно усогласени со пропшаните ЕАЕВЕ критериуми втемелени во СОП-овите усвоени од Извршниот комитет на оваа институција, воведен е нов англиски курикулум и нови специјалистички студии.

Сепак едукативниот процес на ФВМС целосно не ги задоволува пропшаните ЕАЕВЕ критериуми каде недвосмислено се опишани стандардите што секоја вискообразовна институција од областа на ветеринараната медицина треба да ги исполни со цел да биде акредитирана од страна на ова тело.

Но, овој процес не е завршен и затоа мојата кандидатура опфаќа продолжување на започнатите процеси бидејќи и покрај реалните состојби на Факултетот, пред се просторни и кадровски потенцијали кои ги поседуваме, ФВМС има капацитет да биде високообазовна институција која ќе изведува настава заснована на целосната имплементација на Болоњскиот процес, Законот за високо образование во РМ и Европските директиви 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ.

Ако во претходниот манадат посветив повеќе време на имплементација на новата верзија од ИСО 17025 стандардите, во овој мандат ќе се фокусирам и на процесот ЕАЕВЕ движејќи се во насока на создавање предуслови за исполнување на најважниот критериум а тоа е обезбедување на квалитет во наставниот процес (Quality Assurance).

Затоа доколку ја добијам подршката за иден декан, ќе се посветам и ќе ја актуализирам одлуката на највисокото тело на Факултетот, Наставно-научниот совет чии членови се определија за полноправно членство во семејството на ЕАЕВЕ акредитирани факултети.

Реформите мора да продолжат за да се исполнат или барем доближат пропишаните стандарди за акредитација со што ќе се овозможи интеграција до европските модели на високо образование кое ги имаат ветеринарните факултети акредитирани од ЕАЕВЕ што преставува дел од задачите на идниот декан.

Високото образование се заснова на неделливост на наставата од науката односно примена на истражувањата во едукацијата. Современата настава на Факултетите повеќе не е само фактичка, односно настава по катедра или поединец што му дава централно место на наставникот, а не на студентот.

Всушност треба да е спротивното, а и ќе се залагам студнетите да се во центарот на процесот на едукација а нашата цел е да ги научиме, оспособиме и развиеме во профилирани кадри за потребите на нашето општество.

Во мандатниот период како иден декан ќе се залагам наставата да се насочи повеќе кон примена на резултатите од учењето кои мора да создадат компетенции што ќе обезбедат функционално знаење засновано на најновите научни достигнувања (*„Evidence based learning“*). Овие цели можат да бидат постигнати само со промени во наставниот процес и негова реформа во правец на учење преку решавање на проблеми, настава преку вклучување на студентите во истражувачкиот процес и тоа на индивидуално ниво, лабораториска работа на студентите во мали групи, континуирана клиничка пракса, дежурства во УВБ, амбулаторна пракса и сл.

Ќе се залагам концептот во наставата да се промени, во кој професорите треба да ги научат нашите студнетите како да научат, како да истражуваат и да размислуваат за примената на знаењето, како да толкуваат, како да развијат критички осврт кон ветеринарната медицина и воопшто кон сите проблеми во професијата.

Концептот на предавање по "лекции од книга" ќе настојувам да се промени, бидејќи тоа што е напишано во книгите, учебните помагала и скриптите сега е достапно и на интернет и студентите сами можат да го

прочитаат и совладаат. Но она што го нема таму, а го имаме ние професорите, искуството и знаењето, треба да го пренесеме на нашите студенти што ќе преставува концепт во реформата на идниот курикулум.

Затоа како иден декан ќе се залагам наставниот процес на ФВМС да биде едукација на студентите кои по дипломирањето ќе имаат способност да применуваат вештини со кои ќе се способни да анализираат проблеми и да понудат решенија за нив, да ја почитуваат важноста на ветеринарната професија, да ги препознаат расположивите ресурси и да ги следат најновите достигнувања ветеринарната медицина. Но исто така нашите студенти треба да ги научиме да преземат одговорност за сопственото учење и да можат да научат од искуството стекнато како и да демонстрираат способност да разберат различни перспективи.

Сето тоа е обединето во концептот на "Day one skills" односно "Day one competences" кој како иден декан ќе се обидам да го профилирам за матрица на едукација на нашите студенти со цел да се развие модерна настава со примена на различни форми како што се менторскиот пристап на учење, интерактивни работилници со студенти, учење од публицирани нови истражувања, индивидуални пракса на ФВМС, семинарски работи и сл., кои треба да бидат задолжителна компонента на секој предмет одделно.

Меѓуинституционалното вмрежување е исто така значајно и на домашно и на меѓународно ниво. Поканети гости професори, визитинг наставници и стручни лица од практиката можат значително да придонесат за воспоставување на квалитетна настава. Интернационализацијата на наставно-научната работа на ФВМС, како и интердисциплинарното вмрежување ќе им овозможат на студентите поголеми можности за добивање на знаења, а со тоа и нивна хоризонтална и вертикална дисеминација.

Ќе се залагам за што поголема мобилност на нашите студенти и наставно-научниот кадар на COST акциите, ERASMUS, CEEPUS и сл., со цел повратна имплементација на стекнатите знаења и искуства во наставниот процес на ФВМС.

Земјаќи во предвид дека ФВМС беше една од првите единици на УКИМ кој го имплемнтира Болоњскиот процес, како иден декан целосно ќе се залагам за исполнување на целите каде треба да се намалат усвоените содржини со цел

да се зголеми ефикасноста на наставата а и проодноста на студентите во наставна програма.

Според мене, должностите на секој универзитетски професор за кои ќе се залагам као иден декан, е да се стреми да постигне и пренесе високо ниво на знаење од сопствениот предмет, да обезбеди точност, прецизност, репрезентативност на содржината на наставната програма и истата да ја спроведува во целост онака како е дадена на студентите, да придонесува кон интелектуалниот развој на студентите преку помагање во решавањето на комплекни пташања од областа на ветеринарната медицина.

Многу е важно да постигнеме прецизна и веродостојна евалуација на знаењата на студентите за успехот на нивната работа која треба да биде отворена, објективна и навремена преку највисока транспарентност и јавност при спроведување на испитите, како и објективност при оценувањето.

Синергијата на наставниот процес во високото образование подразбира трансфер на знаење преку интеракција на наставник-студент а тоа ќе биде и основниот принцип на моето залагање во поглед на подобрување на наставниот процес на Факултетот за ветеринарна медицна-Скопје.

## 2.1. Додипломски и последиплоски студии

Во изминатиот период стекнати се значајни искуства во имплементацијата на ЕКТС системот и притоа се увидоа сите предности но и недостатоци кои постојат во наставната програма на интегрираниот прв и втор циклус на студии по ветеринарна медицина.

Во таа насока зголемена е практичната настава и воспоставен е баланс со теоретската настава во согласнот со ЕАЕВЕ стандардите но и со домашната легислатива. Имплементираниот нов наставен план и програма во 2018 година е целосно усогласена со директивите 2005/36/ЕУ и 2013/55/ЕУ, со стандардите на ЕАЕВЕ, со Законот за високото образование и другите правни акти на УКИМ, а направена е целосна ревизија на правилата за студирање во насока на олеснување на преминот на студентите од еден семестар во друг за да се овозможи поефикасна и поуспешна проодност и поефективен режим на

студирање на студентите. Исто така подобрен е системот за непристрасна и објективна евалуација на знаењата на студентите.

Студнетите на ФВМС сега имаат можност за поголема клиничката работа на новата Универзитетска ветеринарна болница при ФВМС. Продеканот за настава заедно со Координторот за ЕКТС редовно го ажурираат и распределуваат часовите на настава. Во време на пандемијата е воведена "он-лине" настава која се одвива без поголеми проблеми, иако и пред да настане пандемијата ФВМС го имплеметира ситемот на Microsoft 365 кој сега е основна алатка за настава. Во иднина оваа алтака треба да се користи за примена на моделот на "учење од далечина" за нашите студенти кој сега е широко прифатен на сите Универзитети во светот.

Сепак како иден декан ќе се трудам и другите содржини да се вметнат во наставните програми и тоа кај секој наставник како што е имплементација на самостојното учење (*self-directed learning*) под надзор на наставник.

Голем допринос е направен од страна на Менаџерскиот тим на ФВМС на ИСО 17 025 стандардот, кој по мое барање донесе одлука со која во прирачникот за квалитет и во процедурите за пристап во лабораториите кои произлегуваат од стандардот „Општите барања за компетентност на лабораториите за тестирање и лабораториите за калибрирање МКС EN ISO/IEC 17025:2018", после 12 години се пропиша користење на акредитираните лаборатории за едукативни цели и е дозволен и контролиран пристапот на мали групи студенти секако под надзор на Раководителот на лабораторијата.

Овие лаборатории се опремени со најсовремена опрема, со која ракуваат стручно обучен и високо квалификуван наставен и ненставен кадар со искуство кој може практично да го пренесе знаењето на студентите и да се постигне уште поголем успех што е чекор напред во совладување на едукативните вештини и техники. Интерактивната комуникација со студентите и нивното присуството во мали групи во лабораториите е овозможено во времето кога нема да се вршат комерцијални тестирања на примероци на барање на државата или на клиенти, за да се одржи нивото на доверба кон корисниците на нашите услуги.

Ова алатка е нашата предност во едукацијата за која ќе се залагам да ја унапредуваме и користиме што е можно поефикасно.

Меѓутоа се уште постои слаб интерес за запишување на студии на ФВМС. Можам како иден декан на ФВМС, да ветам дека повторно ќе се ангажирам за проактивна уписна политика и за промотивни активности кои Факултетот ги има секоја година и дека истите ќе се интензивираат за да се овозможи презентирање на студиските програми по ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик, докторските студии како и воведените специјалистички студии пред потенцијалните идни студенти.

Сепак ова е проблем на државата која нас ни го наметна и сега не можеме да го решиме веќе подолги години. Двата "ветеринарни факултети" во државата запишуваат по 15-20 студенти што е недозволиво и штетно за ветеринараната професија. Мојот пристап до сите авторитети во државата со кои разговарав беше во насока на подобрување на едукацијата во ветеринарната професија, но за жал едукативниот процес во нашата држава се уште е на маргините од развојот на општеството. Останува да се бориме а ние перманентно да вложуваме во образовниот процес кај нас бидејќи тоа е нашата основна дејност за која постоиме.

Уште како продекан за настава го имам мислењето дека Факултетот треба да се обиде да отвори студии кои ќе понудат поинакво ниво за добивање на компетенции во насока на три или четири годишен степен на образование по примерот на други сродни ветеринарни естаблишменти како што се ветеринарните унивреззитети во Брно, Будимпешта, Кошице, Виена и др., кои овој тип на студии го имаат одамна имплементирано и успешно го спроведуваат. Овие прашања јас ги имам покренато и на официјалните состаноци на Вет-Нест мрежата каде членуваат и поранешни високи функционери на ЕАЕВЕ и кои даваат силна подршка на овој процес.

Доказ дека регулираните професии можат да имаат ваков тип на студии се нашите сродни Факултети од УКИМ (медицинскиот, фармацевскиот и стоматолошкиот), кои се исто така регулирани професии а имаат одамна воведено ваков тип на образование.

Како иден декан оваа идеа ќе ја афирмирам пред Наставно-научниот совет и ќе формирам тело која ќе достави анализа за можностите од имплементација на ваков тип на студии следејќи ја пред се законската рамка на која се темели ветеринарната едукација. Одлуката ќе биде заедничка на највисоките тела на

ФВМС а единствената цел ќе биде привлекување на нови студенти на нашиот Факултет и унапредување на едукацијата.

Методите и нагледните средства за реализација на наставниот процес се исто така значаен сегмент за подигнување на квалитетот на наставата. Деканатката управа ќе продолжи и понатаму да вложува во опремување на предавалните, вежбалните, дијагностичките лабoратории и УВБ во набавка на помошни средства и лабораториска опрема за изведување на современа настава.

Длабоко сум убеден дека едни од основите алатки за добра едукација се достапната литература и наставните помагала.

Како иден декан на ФВМС ќе дадам подршка и стимулација при издавањето на книги, учебни помагала, скрипти и друг вид на литература од страна на наставниот и научниот кадар. Исто така, и понатаму ќе продолжиме со трендот за набавка на странска литература и стручни книги кои најчесто се користат во наставата на најдобрите едукативни центри во ветеринарната медицина. Истовремено ќе се настојува да се овозможи пристап до релевантните меѓународни бази на научна и стручна литература со што ќе се овозможи вработените да ги имаат информациите за најновите научни податоци на кои се темелат сознанијата во ветеринарната медицина.

Посебно ќе се залагам за набавка на симулациски модели за настава во клиничките дисциплини, без кои не е можна меѓународна евулуација на Факултетот а истовремено е основна алатка за едукација на студентите и современ пристап кон применувања на принципите за благосостојбата на животните.

Анатомскиот и пато-анатомскиот музеј треба да се во врвните приоритети на било кој декан доколку сакаме ЕАЕВЕ евалуација. Во изминатиот мандат со мојот тим ги решивме просторните капацитетит на овие два предмета, особено за обдукциската сала за патологија која сега ги има сите потребни услови за патоанатомски преглед и едукација на студенти. Во идниот мандат ќе се заложам за обезбедување на соодветен број на едукативни експонати со цел отклонување на големите недостатоци кои ни ги посочија од комисијата при консултативната ЕАЕВЕ визита во 2016 година.

Исто така, и во овој мандат за наставниот процес ќе се залагам да се одвива не само во веќе постоечките објекти на Факултетот, туку исто така и преку

мрежата за соработка со деловните објекти и фармите со кои ФВМС има склучено договори.

Ќе се обидам да воспставам предуслови за заживување на амбулантната мобилна клиника со вклучување на новокупените комбиња по примерот на западноевропските земји, која ќе биде во потполност со стандардите на ЕАЕВЕ со цел да се задоволат критериумите за бројот на пациенти. За постигнување на овие стандарди постојано ќе го зголемуваме бројот на договори за наставната соработка со ветеринарни станици и амбуланти, фарми за сите животински врсти, ловечки друштва, кланици, млекари, компании за производство за храна, фармацевстки компании и сл.

Во поглед на последипломските студии, во мандатниот период доколку ја добиам подршката ќе иницирам можност од воведување на нови специјалитички и докторски студии на македноски и англиски јазик од области од кои има интерес пред се ФВМС но и нашето општество.

Ќе инсистирам одлуката која се донесе од страна на Наставно-научниот совет да се почитува од координаторите на овие програми и во најможен рок програмите да се изработат.

Последипломските студии претставуваат надградба во заокружувањето на стручните вештини и компетенции и способностите за научно-истражувачка работа на дипломираните доктори по ветеринарна медицина.

Тука посебно сакам да истакнам дека во иднина, исто како и досега, Деканатот ќе води сметка да се покријат сите трошоци за студирање на трет циклус на нашите помлади колеги вработени на ФВМС, кои целосно ќе бидат растеретени од проблемот на изнаоѓање финансиски средства за студирање, како и за научно-истражувачка работа, почитувајќи ги правилниците кои ја регулираат оваа проблематика.

Денешните европски трендови во постдипломската едукација се во потполна интернационализација, мултидисциплинарност, флексибилност и акредитација со цел да обезбедат квалитет во образованието преку т.н joint degree програми. Во таа смисла, Деканатот и во изминатиот мандат се обиде да развие интердисциплинирани "joint/double degree" програми со некој од регионалните ветеринарни факултети.

Меѓутоа главниот предуслов е ЕАЕВЕ акредитацијата која зависи само од нас или пак да се биде членка на Европската унија што пак зависи од државните капацитети.

Развивањето на заеднички студиски програми преставува основа за модернизацијата во високото образование и механизам за поврзување на академските ресурси кој ќе обезбеди имплементација на Европската димензија на високото образование.

## 2.2. Континуирана едукација, доживотно учење и неформално образование

Во поглед на континуираната едукација на докторите по ветеринарна медицина, во изминатиот период се организирани разни предавања, работилници, симпозиуми и обуки со домашен и меѓународен карактер.

Како кандидат за иден декан, ќе се завземам за продолжување на трендот за организирање на конференции, работилници, курсеви и едукации на различни теми, летни школи и други форми на едукација кои ќе произлезат од побарувањата на дипломираните доктори по ветеринарна медицина притоа користејќи ги просторните и кадровски капацитети на ФВМС.

Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во следниот период треба да ја унапредува соработката со Ветеринарната комора и да ја подобри соработката во духот на партнерство. Трендот кој е воспоставен да усвоените перманенти едукации се нудат на МВК ќе продолжи. Во 2021 година за прв пат од постоењето на Факултеот е потпишан и Меморандум за соработка со Комората како основен документ на кој ќе се темели нашата заедничка и идна соработка.

Обуки ќе се планираат и во иднина и во таа насока ќе биде поздравена и подржана секоја иницијатива на катедрите како и сите поединци кои ќе понудат програми за континуирана едукација на дипломираните доктори по ветеринарна медицина.

Исто така во мандатниот период ќе иницирам програмите за доживотното учење на ФВМС. Тоа ќе го забрза развојот на критичните размислувања,

комуникации и вештини и компетенции во биомедицинските, клинички и биотехнолошки дисциплини кои се основа на ветеринарната медицина.

Доживотното учење се смета за непрекинат континуитет и почива на четири основни столба, според кои индивидуата мора да научи да знае, да научи да создава, да научи да комуницира и да научи да работи заедно. Токму овие четири концепти преку различни форми на едукација ќе имаат за цел да обезбедат продлабочување и проширување на компетенциите на докторите по ветеринарна медицина.

Денес доживотното учење е потреба од активности поврзани со формалното и неформалното учење, со цел да се подобрат знаењето, вештините и компетенциите. Целта на доживотното учење е да се обезбеди потребата од континуиран професионален развој на нашите колеги со цел продуцирање на поквалитена услуга насочена кон развој и успех како и за унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес.

Формалното и неформалното образование се комплементарни елементи во процесот на доживотно учење кое според мене треба да биде спроведувано преку Центарот за кариера на ФВМС.

Неформалното учење е принцип за едукација кој може да се имплементира на ФВМС преку примена на разни методологии и пристап на доброволното учество со критичко размислување кое не е вклучено како дел формалната наставна програма. Вештините кои се развиваат преку неформалната едукација може да бидат голема предност за докторите по ветеринрана медицина бидејќи им овозможува да се стекнат со вештини со кои ќе ги идентификуваат, документираат, оценуваат и потврдуваат своите заења со цел да се зголемат нивните компетиции на пазарот на трудот и да се отворат нови професионални можности.

Во својата основа, неформалното образование има за цел, преку дополнително оспособување на кадарот да овозможи создавање на нови можности, проширување на постоечкото знаење, способности и вештини, кои во текот на формалното образование на индивидуата не биле присутни.

Земајќи го во предвид нашето искуство, потенцијал и кадар на ФВМС сметам дека можеме да понудиме и ваков тип на образование со цел да ги зголемиме нашите капацитети.

Затоа, ќе се обидам Факултетот да остане препознатлив давател на услуги за доживотна едукација во сите области на ветеринарната медицина во земјата и пошироко.

Ќе иницирам формирање на тело за "имплементација на доживотно образование" кое може да преставувува една од формите за соработка со стопанството и ќе овозможи одржување на професионални контакти со нашите дипломирани студенти, пренесување нови знаења и идеи, едукација на докторите по ветеринарна медицина со можности за нови професионални достигнувања и знаења. Телото за "имплементација на доживотно бразование" ќе треба да ги хармонизира своите активности со потребите на стопанството, да ги зајакне врските со поранешните студенти, да потикнува трансфер на нови технологии. Во оваа смисла ќе се промовираат програми за доживотно учење преку различни форми на работа (семинари, работилници, форуми, собири, предавања), ќе се анализираат потребите на заедницата и можноста за развој на нови програми (т.н. работилници направени по концепт на потреба), пренесување на нови знаења и идеи во ветеринарната медицина.

Според мене во концептот кон европското семејство на „општество базирано на знаење", вештините и едукацијата на докторите по ветеринарна медицина треба да бидат во согласност со променливите барања на работното место. Тоа е основата на високобразовна институција како што е Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност е единствениот применлив показател за прогресот на една вискобразовна институција преку која се одредува рејтингот во рамките на државата и пошироко на меѓународен план. Научно-истражувачките параметри се една од формите за следење на работата на професорите, научниот кадар и соработниците, но тие се метрика што не го одразува целосно квалитетот на самото истражување.

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во полето на научно-истражувачката дејност мора да обезбеди уште поголем научен напредок и зголемена видливост.

Научната дејност на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е традиција која е препознатлива уште од 1927 година кога се поставени почетоците на организираното и институционало делување на ветеринарната професија.

Меѓутоа научното портфолио на ФВМС споредено со факултетите во регионот е на пониско ниво. Наставно-научниот кадар на Факултетот ограничено учествува во меѓународни научни проекти, многу малку објавува трудови во списанија со фактор на влијание а истовремено финансирањето на науката од државата, разни фондови, приватниот сектори, невладините оранизации е скоро занемарливо.

Секако тука постојат објективни причини на кои ние како единка во државата не можеме да делуваме. Сепак сметам дека ФВМС има огромен потенцијал за наука со оглед на опременоста на лабораториите и апликацијата која секојдневно се изведува од страна на искусен и многу добро обучен персонал кој поседува значителни капацитети.

Моето размислување на оваа тема е дека пред нас стојат многу нови предизвици на ова поле. Науката односно истражувачката активност на ФВМС има потреба од многу поголемо внимание и посветеност во периодот што следува.

Промените во светот на науката и истражувањето се исклучително брзи со што се постигнува значаен и брз развој преку примена на нови знаења и нови технологии. Оваа брзина на примена на знаењата што се генерираат секој ден

овозможува акумулацијата на научните податоци да имаат приенувачка вредност. Сведоци сме и живееме во време на пандемија со Ковид 19 каде за неполна година е создадена вакцина за заштита на светското население благодарение на брзите истражувања и добивањето на релевантни податоци кои се со применувачки карактер. Овој голем прилив на податоци и нивната брза примена бара континуирана работа и посветеност за секој вработен во високобразовна институција а секој кој претендира за декан треба да овозможи развој во смисла на унапредување на научно-истражувачката работа.

Земајќи во предвид дека сите достигнувања се засноваат на мултидисциплинарно и интердисциплинарно знаење, а модерните професионални профили се обликуваат преку овој систем на инклузивност, силно ќе се залагам за интернационализација на научната мисла на ФВМС.

Како иден декан ќе се залагам да се постигне конкурентност во регионалното и пошироко меѓународно опкружување. Особено е потребно да се постигне и соработка меѓу факултетите од УКИМ, која ќе ги поврзе интердисциплинарните истражувања преку поврзување на различни области на активност, што ќе резултира со апликација на проекти и објавување на повеќе трудови со фактор на влијание.

Ќе ги охрабрам и подржам сите апликации за истражувачки проекти и акитвно ќе ги засилам напорите да се постигне што е можно поголема вклученост на наставно-научниот кадар и студнетите на ФВМС во сите тековни и идни научни активности.

Во изминатиот период иницирав донесување на интерен правилник за проекти со цел да ја стимулирам и потикнам научно-истрачувачката активност на Факултетот.

Така за прв пат од постоењето на ФВМС се доделни три двогодишни проекти за кои веќе се даваат извештаи до наставно-научниот совет за реализација на активности. Како декан ќе се залагам за воведување на интерен конкурс за апликација на проекти да биде секоја година кои ќе ги финансира ФВМС. Земајќи во предвид дека секој проект мора да заврши со објава на труд со фактор на влјание и објава на труд во Macedonian Veterinary Review, индирекно на Факултетот ќе се зголеми видливоста и претпознатливоста што е предуслов за

конкурирање на нашите истражувачи на меѓународни отворени повици за проекти.

Истражувачката работа бара рано препознавање и вклучување на студентите од додипломски студии кои покажуваат интерес и ентузијазам за учество. Сега тое е овозможено преку вклучување на демонстраторите во наставно-образовниот процес а нивниот напредок зависи од менторите кои треба да ги насочат, вклучат и развиваат во профилирани идни кадри.

Како иден декан на ФВМС посебно ќе го стимулирам вклучувањето на докторантите во тековните научни пректи. На тој начин овие студенти ќе имаат можност да учествуваат во различни научни проекти, што понатаму ќе овозможи нивна активна партиципација на научни и стручни собири.

Една од клучните цели на мене како кандидат за декан на ФВМС ќе биде и формирањето на Одделот за меѓународна соработка кој во претходниот мадат е предвиден како официјално тело во Статутот на ФВМС. Ова тело би имало централна улога при пронаоѓањето на потенцијални меѓународни партнери и да помага во припрема и изработка на проектите. Ќе се залагам за формирање на “тело за проекти” со основна задача за изготвување стратегија за насоките на спроведување на идните научноистражувачки активности на ФВМС со јасно дефинирање на целите кои треба да се постигне, промовирање на истражувачки тимови и нивна припрема за апликација на научно–истражувачки проекти пред се при повиците распишани од телата на Европската унија.

Со особена важност ќе продолжам да го развивам, унапредувам и афирмирам "Macedonian Veterinary Review". Денес списанието е претпознатлив бренд на ФВМС во кој објавуваат свои резулатати еминентни научници од целиот свет а е едно од ретките на УКИМ кое е индексирано во најпрестижните научни бази као што се SCImago, Scopus, Ebsco и Cliravite Analitycs (поранешен Thomson Reuters).

За жал нашите вработени не публицираат во него (со ретки исклучоци), освен докторантите кои имаат потреба и која произлегува само за да ја бранат својата докторска дисертација, за што со мојот тим им помагаме да издадат квалитетен труд кој ќе биде достапен на целата научна заедница.

По примерот на Ветеринарниот факултет во Загреб и Белград, ќе побарам подршка од членовите на наставно-научниот совет за воведување на интерно

правило или акт на наставно-научниот совет за објавување на задолжително еден труд како прв автор во "Macedonian Veterinary Review" еднаш во период од 5 години што ќе биде предуслов за избор во повисоко звање. Знам дека оваа идеа ќе предизика реакција кај моите колеги, ама науката не признава реакции признава само пишани трудови кои се на увид на целата научна зедница. Ако можат нашите колеги да објавуваат во туѓи часописи, зашто да не сакаат да објават кај нас. На тој начин ќе ги стимулирам вработените за зачување на она што е наше, она што треба да го развиваме и негуваме по примерот на сродните факултети. Дополнително со овој механизам вработените ќе си обезбедат и право за учествуваат на конференции а сите трошоци ќе бидат покриени од Факултетот. Одлуката ќе ја оставам на наставно-научниот совет.

Во мандатниот период кој следи ќе се залагам за продолжување на континуитетот на одржување на научно-стручниот собир „Денови на ветеринарна медицина", а исто така ќе се потрудам за максимално искористување на програмите за размена и меѓународна соработка како што се CEEPUS, ERASMUS и COST како и можностите што ги имаме преку постоечките потпишани билатерални договори со Ветеринарните факултети во регионот.

## 4. АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Главен и носечки столб за развој на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје преставува применувачката (апликативната) дејност преку која директно се проверуваат теоријата и практичните аспекти на ветеринарната професија.

Применувачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје е од посебно значење за што поуспешно и поефикасно излегување во пресрет на потребите и барањата на нашите комитенти но и на институциите од јавниот сектор и комерцијалните субјекти.

На ФВМС, применувачката дејност е исто така значаен фактор како дополнителна приходна ставка преку која се обезбедуваат дополнителни финансиски средства за сите останати инвестиции пред се во опрема, реагенси, потрошни материјали, тековно одржување и инвестиции во објектите и

инфраструктирата, одржување и набавка на автомобили, осигурувања, инвестиции во човечки ресурси, патувања, обуки и сл.

Апликативната дејност на Факултетот во минатиот мандатен период достигна завидно ниво со забележителни резултати преку непосредна секојдневна врска со стопанските субјекти, но и со соодветните јавни претпријатија и државни институции.

Слободно можам да кажам дека најголемиот дел од времето во иманатите четири години ги посветив токму на унапредувањето на апликативната дејност која вклучуваше напори за одржување на системот за квалитет ИСО 17025 каде за три последователни години имавме успешна реакредитација со проширување на опсегот на акредитирани методи а во 2020 направивме успешна транзиција на системот на квалитет од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 во новата верзија МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Овие активности се должат на сите вработени а ќе продолжат со несмален интензитет на работа доколку бидам избран за декан.

Во таа насока континуирано ќе се одржуваат тековните и ќе се акредитираат нови методи по EN ISO/IEC 17025:2018 со проширување на опсегот на методи за апликативна работа. Годишните планови за реакредитација на веќе акредитираните методи и планови за акредитација на нови методи со образложение за оправданоста ќе се ажурираат и доследно ќе се применуваат.

Како иден декан на ФВМС ќе се насочам кон изнаоѓање на дополнителни извори за проширување на апликативната дејност на Факултетот воспоставувајќи интезивна соработка со приватниот сектор, со МЗШВ, МОН и АХВ односно преку пронаоѓање на проекти за соработка со индустријата и поврзување со компаниите заинтересирани за ветеринарни услуги а се со цел да се овозможи стабилна финансиска состојба на Факултетот на подолг рок и негово непречено функционирање.

Преку анализа на пазарот за потенцијални комитенти ќе се изготви листа на стопански субјекти со кои традиционално соработуваме. Бројот на потпишани договори со стопански субјекти за анализи на ФВМС ќе настојувам да се зголемува секоја година а со тоа ќе се зголемуваат и приходите на Факултетот што ќе отвори нови можности за инвестирање во капитални ресури.

Ќе се заложам да се овозможат континуирани обуки на персоналот ангажиран во апликативната работа на меѓународно и национално ниво, со обврска за дисеминација на стекнатото знаење во рамките на Факултетот.

Како иден декан на ФВМС во мандатниот период ќе се залагам да се направи листа на приоритети со образложение по која ќе се набавува секоја година нова и современа опрема во лабораториите и дополнување на опрема во постојните капацитети. Планирам да се замени и опремата на која и истекува сервисната поддршка поради застареност. Меѓутоа ќе се залагам исто така и за развој на областите каде што воопшто не е инвестирано доколку постои интерес и иницијативи од нашите професори. Сето ова е предизвик на Деканатот со кој искрено ќе се залагам да најдаме средства за исполнување на горененаведените цели.

Исто така сакам да ве уверам дека со мојот тим ќе превземеме мерки кон рационалзација на трошоците во лабораториите со цел зголемување на ефикасноста од апликативната работата во финансиска смисла. Ќе се воспостави поголема приемечивост кон сите комитенти а воедно сите расположливи капацитети на услугите што ги нуди ФВМС ќе бидат транспарентни и со висок квалитет.

Нивото на обученост на нашиот персонал во лабораториите, спроведените обуки за странски државјани во изминативе 10-15 години, опремата и знењето овозможува да воспоставиме регионален тренинг центар за лабораториски обуки што преставува посебна задача за секој претендент за иден декан. Оваа цел е високо на листата од приоритети кои ги имам поставено доколку ја добијам подршката од членовите на наставно-научниот совет.

Само со нова опрема и човечки ресурси ќе овозможиме зголемување на конкурентноста на пазарот а со тоа да се намали периодот за издавање на резултатите што понекогаш прествува проблем за нашите комитенти.

Како декан, ќе обезбедам соодветна подршка во припрема на тендерски документи, соодветна административна и материјална поддршка со максимална асистенција на администрацијата.

Посебен акцент ќе посветам на развојот на клиниките на ФВМС.

Денес ниеден факултет за ветеринарна медицина не може да биде целосен без соодветни капацитети за клиники. Во изминатиот период беа детектирани

проблемите со кои се соочуваше Универзитетскта ветеринарна болница. За неполна година од руиниран објект заедно со мојот тим направивме нова клиника која има најсовремена опрема. Оваа капитална инвестиција не беше во планот на мојата работа кој го аплицирав за актуелниот мандат. Но, увидувајќи ги проблемите на терен, потребата за EAEBE акредитација, желбата и ентузијазот на вработените од клиниката, потребата од обучување на нашите студенти и сл., ме натераа целосно да се вложам во создавање на нова клиника која е основа за едукација на студенти во која ќе се овозможат услови за доживотно учење и ќе ги задоволува порпишаните стандарди за грижа на пациенти.

Свесен бев, а и сега сум дека во овој момент Факултетот, во своите расположливи простории, не е во можност да обезбеди клиника за фармски животни/коњи односно стационарен третман и грижа за големите животни.

Но исто така свесно во оваа програма за работа на декан во период 2021-2024 година ќе настојувам формирање наставна и истражувачка база на локалитетот во Петровец, како стратешка цел со која квалитетно ќе се надополни високообразовниот процес преку воспоставување на тренинг-едукативен центар.

## 5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ (QUALITY ASSURANCE)

Обезбедувањето на квалитет е алатка која на ФВМС треба безусловно да се иплементира преку координаторите во “Телото за контрола на квалитет” кое е определено со Статутот на ФВМС со цел да се обезбеди обединување, контрола, следење и одржување на напредокот во сите три сегменти од работата на ФВМС, настава, наука и апликација.

Како иден декан ќе се завземам да се имплементираат процедури кои ќе овозможат создавање на систем за подобрување и гарантирање на квалитетот кој ги вклучи сите засегнати страни на ФВМС и тоа наставно-научниот, научниот кадар и соработниците, студентите, демонстраторите, ненаставниот кадар како и административниот и помошно-технички кадар.

Подобрувањето, контролата и обезбедувањето на квалитетот на целокупната работа на ФВМС како една единствена компонента е можно како постојан процес кој ја препознава важноста на квалитетот и неговото обезбедување. Тое е модел на целокупно дејство на сите и во сите процеси на една компонента во случајот на сите дејности на нашиот Факултет.

При имплементацијата на оваа стратешка алатка особено внимание ќе посветам на: политиката за квалитет на ФВМС која е омплеметирана во ИСО 17025 стандардот, имплементација на ЕАЕВЕ стандардите, процес на развој и одобрување на програмите за настава и следење на спроведувањето на наставниот процес, следење на напредокот на студентите, признавање на квалификациите, следење на унапредување на едукацијата на наставно-научниот кадар, зголемување на ресурсите за едукација наука и апликација, управувањето со информации, обезбедување и осигурување на квалитет кон надворешните клиенти, следливост на научните истражувања, на професионалните активности, на мобилност и меѓународна соработка и сл.

За наставниот процес, ќе се водам од принципите на Европската асоцијација за осигурување на квалитетот во високото образование - (ENQA), која пред се се фокусира на квалитетот во високото образование и ЕАЕВЕ. Основата е обезбедување на континуитет за студентите и ресурсите за едукација, континуиран развој и примена на соодветни стандарди во научно истражување и иновација и услуги за вработените, наставниците и студентите и поттикнување на развој на разновидност во високото образование.

За апликативаната работа, ќе се водам од принципите ИСО 17025 кои веќе се долго време имплементирани и функционираат на одлична основа.

Мостот кој треба да се создаде помеѓу овие два стандарда ќе биде прдизвикот на мојот тим кој доколку успее синергијата да ја воспостави, ФВМС ќе бележи исклучителен напредок во сите полиња на делување.

Но задачите за обезбедување квалитет се вршат со донесување одлуки, консултации и надзор на сите нивоа.

Ќе се заложам да се воспостави систем за доставување и одобрување на извештаи за работата на капацитетите и телата на ФВМС со соодветна коресопденција на ниво на раководители на внатрешните единици и на стручно-административната служба на Факултетот.

Оваа заложба како иден декан ќе се обидам да ја воведам како принцип на работа за одговорните лица.

Пишувањето и давање на извештаи за сработеното, одржување на координативни и стручни состаноци мора да биде принцип на работа и одговорност кај раководителите на ниво на единица (лабораторија, катедра, центар, одделение, клиника, институт) за да обезбедиме анализа на нашата работа со цел посигнување на квалитет, развој и унапредување на ФВМС.

## 6. ГРИЖА ЗА СТУДЕНТИТЕ И НИВНАТА ВКЛУЧЕНОСТ ВО РАБОТА НА ФВМС

Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (ФСС ФВМС) е тело во кое членуваат претставници на студентите.

ФСС-ФВМС преку свои делегирани претставници во Деканатската управа и во Наставно-научниот совет на ФВМС учествува во работата на органите и телата на Факултетот. Исто така избира заменик студентски правобранител и делегира свои претставници во Универзитетското студентско собрание (УСС УКИМ), кои пак, учествуваат во работата на органите и телата на Универзитетот. Студентите се интегрален дел од Факултетот за ветеринарна медицина -Скопје. Од тие причини на Факултетот ќе се поттикнуваат сите активности на студентите насочени кон целосно вклучување во дејностите на ФВМС со посебен акцент на научно-истражувачките проекти, едукативните настани и други активности.

Активностите на Факултетското студентско собрание при ФВМС во сегашната форма се исклучително на високо ниво благодарение на превземените активности во изминатиот мандат од мене како декан заедно со мојот тим и иницијативите на самите студенти.

Како иден декан на ФВМС ќе ја унапредувам соработката со студентите во која треба да се заснова на взаемна доверба. Нашите студенти се малку по број, но имаат право на квалитетно и модерно образование. Секојпат ќе ги почитувам мислењата и предлозите на студентите, а соработката со наставниците мора да

биде насочена кон заедничката цел за постигнување на највисоко ниво на квалитет на студии.

Ќе се заложам за нашите студенти да им се обезбедат соодветни простории во кои тие периодично ќе се среќаваат, ќе заседаваат и ќе комуницираат а ќе бидат поддржани секои решенија кои водат кон придонес со цел да добијат подобрување на студентскиот живот на Факултетот.

Во минатиот период, во непосредни секојдневни контакти, Факултетот секогаш наоѓаше начин за помош за сите активности на студентите, преку обезбедување на средства за учество на студентски собири, симпозиуми, студентски натпревари, ветеринаријади и други активности. Оваа подршка од мене како иден декан ќе продолжи и понатаму.

Во претходниот мандат овозможивме најдобрите студенти да се вклучат во наставниот процес како демонстратори и за тоа добиваат надоместок.

Исто така денес студентите се вклучени и во научните процеси на ФВМС бидејќи со правилникот за интерни проекти не е можно да се добие проект ако во истражувачкиот тим нема студент. Оваа инклузивност на студентите овозожува да се потикне иновативност кога треба да се носат одлуки за прашања кои ги засегаат нив лично.

Ќе се залагам за доследна примена на критериумите за преминот на студентите од еден семестар во друг. Всушност, со измените кои се направени во новиот наставен план во претходниот период исклучително се подобрени правилата за премин од една во друга школска година. Овозможен е пристап до лабораториите, читалната со библиотеката и компјутерскиот центар на ФВМС кои се целосно нови и дизајнирани за нивни потреби а сето тоа е со цел да се овозможи поефикасен систем на студирање.

Еден од првите приоритети на Продеканот за настава од мојот тим ќе биде "функционална имплементација на i-Know системот" со електронска евиденција и можност за електронска комуникација на студентите со студентската служба и професорите, со што ќе се овозможи подобрување и рационализација на студентските сервиси. Паралено со тоа ќе се обидеме да воведеме електронска евидинција на студентите и професорите за присуство на наставата во единствениот интегриран електронски систем на ФВМС.

Во таа насока се планира и воспоставување на “е – библиотека” бидејќи сега се создадни сите услови за имплентација преку платформата Teams 365, со цел на нашите студенти да им се олесни пристапот до учебници и други студиски материјали.

Со посебно задоволство ќе се заложувам и ќе помагам во активностите на студентите во Интернационална ветеринарна студентска организација (IVSA-Скопје). Во изминатиот период заедно со мојт тим и одредени студенти, после неактивност од скоро 15 години, успешно ја реорганизиравме IVSA , повторно ја регистриравме а студнетите организираа огромен број на активности, од студентски размени до симпозиуми, работилници, вклученост во социо-општествените активности, давање на помош за населението, благосостојбата на животните и сл.

Ќе се заложам за организирање на задолжителни состаноци со претставниците на ФСС ФВМС и IVSA- Скопје со целото раководство на ФВМС каде ќе зе разменуваат идеи и ќе се артикулираат прашањата кои ги засегаат нашите студенти.

Сметам дека не постои поголемо задоволство од тоа да се гледаат успесите на студентите и затоа каоко иден декан ќе се грижам за подобрување на квалитетот на студиите, размена на искуства и информации, меѓусебно помагање, организирање на групни и индивидуални размени на студентите, учество на студентите на симпозиуми и конгреси во организација на светската IVSA, како и на локални собири во организација на поедини факултети за ветеринарна медицина, а се со цел остварување на поголема активност и информираност на студентите.

Со оглед на фактот дека на нашиот Фкултет нема студентска менза а нема ни просторен капацитет за нејзино формирање, ќе се заложам Факултетот да потпише на договори со студентските ресторани од кампусот на факултети во наша близина за добивање на бенифицирани цени за нашите студенти за храна.

Исто така, како иден декан ќе донесам и општ акт кој ќе овозможи доделување на награда за најдобрите студенти кои ќе завршат со највисок просек во студиите и тоа да стане традиција при свеченото доделување на индексите на патрониот празник на ФВМС.

## 7. УНАПРЕДУВАЊЕ НА АЛУМНИ МРЕЖАТА НА ФВМС

На Факултетот за ветеринарна медицина- Скопје досега дипломирале 659 студенти, магистрирале 35 а со звањето доктор на науки се стекнале 38 наши колеги. Голем број од нашите колеги денес работат во странски земји и постигнуваат големи успеси во полето на ветеринараната медицина.

За жал контактите кои ги имаме со нив се или лични на поединци од нашиот Факултет или случајни на некој настан.

Во изминатиот период преку Центарот за кариера е формирана Алумни ФВМ преку LinkedIn социјалната мрежа и досега има само 66 активни корисници кои го користат профилот.

Како иден декан ќе се заложам да се унапреди Алумни-ФВМС со цел да ги поврзе сите генерации студенти на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за остварување на заедничка континуирана соработка која ќе почива на цврсти темели и ќе придонесе за развој како на членовите така и на самиот Факултет.

Алумни-ФВМС треба да развива силно чувство на припадност кон матичниот Факултет кај сегашните студенти а воедно да развива и силно чувство на идентификација со нашиот Факултет.

Сметам дека поранешните студенти на Факултетот било во земјата и странство, треба поинтензивно да бидат вклучени во процесите на Факултетот преку стимулативни и продуктивни механизми. Треба да се развијат нови форми на соработка во кои поранешните студенти проактивно ќе придонесат за развојот и напредокот на Факултетот.

Денес со примена на модерната технологија, возможно е да се отворат можности за соработка со поранешни студенти кои работат во обласа на ветеринарната медицина, особено со оние кои основале свои компании, бизниси или работат во соодветни ветеринарни и/или институции кои имаат сличности со работата од нашиот делокруг.

Нивното учество во нашата едукација и наука можеме да го развиваме преку работилници, симпозиуми, апликација на заеднички проекти, и сл., како и публицирање на заеднички трудови во списанија со фактор на влијание.

Како иден декан ќе се заложам да се воспостават форми на комуникација со цел активносот на Алумни-ФВМС каде нашите дипомирани студенти ќе ги дознаваат важните информации од областите на наше делување со што ќе можат да се градат идни иницијативи на соработка со взаемен интерес и почитување.

## 8. ИНВЕСТИЦИИ ВО КАПИТАЛНИ РЕСУРСИ

Инвестициите во капитални ресурси на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје се основата за иден развој.

На ова поле во изминатиот мандат без подршка од државата заедно со мојот тим успеавме да реализираме голем број на капитални инвестиции за кои беа обезбедени средства од самофинансирачки извори.

Како иден декан на ФВМС, сметам дека за развој на наставната, научната, апликативната и клиничката дејност на ФВМС се потребни перманентни вложувања и проширување на постојните капацитети токму преку вложување во капитални инвестиции.

За жал, просторот со кој располага ФВМС, поради администравини причини, технички проблеми, недонесениот ДУП и ГУП за општината каде е сместен Факултетот, не се лесни за средување и не зависат само од нас а од друга страна потребите за изведување на дејноста се големи што преставува предизвик за секој раководен орган.

Во изминатиот период се превземени сите дејствија за решавањето на проблемите со сопственоста на земјиштето на ФВМС и леглизацијата на објектите. Од страна на Факултетот, како декан создадов услови и се подготвени сите елаборати и истите се аплицирани во ресорните институции. Сите поднесени предмети се во фаза на решавање кое зависи само од државните органи.

За жал, останува да чекаме државната администрација да да ги донесе решенијата за да не стагнира развојот на ФВМС.

За момент во оваа програма ќе ве потсетам на само некои од круцијалните инвестиции кои ги превзедов како Декан, од кои некои беа потребни бидејќи беа нотирани како “големи недостатоци” во извештајот на консултативта визита од

страна на ЕАЕВЕ, а други произлегоа од реалните потреби за развој на апликативната и клиничката дејносот Факултетот, и тоа :

- нова Универзитетска ветеринарна болница
- нова амфитеатрална предавална со капацитет од 48 места
- нова библиотека со компјутерски центар
- мултифинкциналната лабораторија за базичните предмети сместена во Интитут за храна
- решен е деценискиот проблемот со салата за обдукција која сега има соодветен простор за пато-анатомски прегледи, фрижидери за замрзнување на лешеви на -20Ц и комора за чување на лешеви на +4Ц, простор наменет за студнети и сл.
- пато-хистолошка и хистолошка лабораторија со нова опрема, микроскопи за студнети и тоа на ист простор со обдукциона сала и вежбална како една функционална целина
- подобрен е просторниот капацитет за Анатомија кој е преместен во просториите на "старата клиника" и за кој во идниот период е непходна адаптација за да ги достигнеме критериумите за надворешна евалуација
- комплетно обновен возен парк со 8 нови возила
- нова опрема во сите единици на ФВМС кои ги подобрија значително апликативните капацитети на Факултетот
- реконструирана просторијата за молекуларната лабораторија во ВИ
- реконструирана рендген сала со нов апарат
- реконструирана лабораторија за млеко која успеавме да ја направиме да биде и официјално единствената овластена од страна на МЗШВ
- нови капацитети за ембриотрансфер
- променети се сите стари дрвени прозори и врати во сите институти и клиниката
- добиени се просторите на Институт за сточарство при УКИМ за кои порано се плаќаше надоместок од страна на ФВМС, а сега се доделни на трајно користење на Факултетот без никаква надокнада и сето тоа со цел формирање на една целина и зачувување на мотот на ФВМС а со големи напори на мене како декан и со голема подршка од Ректоратот

– реконструирана бараката за стручно-административната служба

За жал не можам сите инвестиции да ги наведам во оваа програма за работа на иден декан но истите се видливи и препознатливи во нашиот круг на делување и пошироко.

Во идниот период како декан ќе се анагажирам за оформување на уште една мулти-функционални вежбална која ќе ги покрива специфичните ветеринарни предмети (микоробиологија, имунологија, празитологија, заразни болести и сл.) кои ќе овозможат полесно совладување на наставната програма од страна на студентите. Принципот е за секој студент да има посебно место соодветно опремено со наставни едукативни помагала.

Дополнително ќе ја реафирмирам идеата за опремување на вежбална за предметите од област на хигиена и технологија на храна преку набавка на опрема за студнети за предметите поврзани со изучувањето на квалитетот на храна од животинско потекло.

Тука посебно сакам да го потенцирам напорот кој како иден декан ќе го вложам во врска со потпишаниот договор со кој Природно-математичкиот факултет од Скопје ни ги одстапија на трајно користење објектите – две бараки во студентската населба „Стив Наумов“ во Скопје кои практично се во нашиот двор. Ќе се обидам да се средат сите административни пречки од соодветните институции и да се решат со кои ќе се овозможи бараките да преминат во користење на ФВМС со што значително ќе се прошират капацитетите на нашиот Факултет. Во овие простори доколку ни ги додеалат, ќе се инвестира, ќе се преуредат и адаптираат согласно плановите и потребите на ФВМС.

Идејата за регионален тренинг центар за лабораториска дијагностика е повеќе од значајна и искрено ќе се заложам да се реализира. За тоа веќе се превеземени одредени дејствија од вработените наставници на ФВМС кои ја имаат безрезервно мојата подршка. Доколку успее проектот, на долгорочен план ФВМС ќе има инзворедна иднина и капацитети со кои ќе се гордееме сите. Деканатската управа ќе ги превзема сите дејствија за да се реализира оваа идеа.

Како иден декан на ФВМС ќе вложам напор да набавам уште едно возило наменето за земање на мостри за што веќе се превземени одредени дејствија и се одобрени планови од УКИМ и МОН за 2021 година. Набавката на уште едно

возило ќе ги зголеми активностите поврзани со дејноста на лабораториите од дијагностиката на заразните болести и испитување на храна.

Тековно, ќе се планира континуирано подобрување на условите за работа во кабинетскиот простор, лабораториите, центрите и клиниката, за кој во минатиот период е направен значаен исчекор и ќе се вложува во одржување на инсталациите, во предавалните, вежбалните и другите простории што ќе представува постојана (тековна) обврска на Деканатот.

Во овој дел на програмата за избор на декан на ФВМС повторно ќе ја актуелизирам статешка цел за која во следните три години ќе се обидам барем делумно да успее.

Имено развој на клиника за фармски животни и едукативно-истражувачки центар во доделениот простор на поранешната свињарска фарма во с. Ржаничино, Петровец каде ФВМС има на располагање објекти со вкупна површина од 6,374 м2 и земјиште со површина од 154,216 м2 мора да биде приоритет за ФВМС. Ако дозволиме овој капитален проект да пропаде лесно ќе ни го одземат местото кои со напори претходниот декан во 2016 година успеа да го добие.

Со овој проект се решаваат голем број на отворени прашања за исполнување на минималните барања за ветеринарна едукација, кои ќе доведат до меѓународно признавање и интеграција во европскиот едукативен простор, но и да се интегририраат активностите за унапредување на фармското производство.

На почетокот ќе предложам изработка на целосен план за развој на ова место. За реализацијата се потребни сите расположливи капацитети на Факултетот, пред се интелектуални на наставно-научниот кадар чии идеи, иницијативи и предлози ќе бидат неодделив дел од планот. Знам дека за реализацијата на барем еден мал дел од проектот се потребни огромни финансиски ресурси. Но исто така како декан знам да направам, како што направив со УВБ, да инвестирам и создадам капацитет а истовремено да не се осети по буџетот на другите единици на ФВМС и по вработените. Тоа е умешноста на еден менаџер, иден декан кој знае да се справи со предизвиците.

Доколку се донесе одлука и се одобри план за финасирање од страна на ННС со кој ќе се задолжи деканот да го спроведе, проектот ќе добие и шанса и можност да биде реализиран.

Конечно, ниту една планирана инвестиција нема да може да се оствари без зголемување на мотивираноста на вработените за поголем ангажман, како и транспарентно и домаќинско финансиско работење.

## 9. ИНВЕСТИЦИИ ВО ПЕРСОНАЛ И КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, како и целото високо образование, се соочува со сериозен проблем од недостаток на млад наставно-научен, научен и соработнички кадар, ненаставен кадар како и вработени во стручно-административната служба и помошно-технички персонал.

Денес, ФВМС има традиција на академски развој и воспостави можност за подигнување на угледот на академското звање, доктор по ветеринарна медицина. Треба да тежнееме оваа традиција да стане континуитет во работата на Факултетот, доградувајќи ги и надградувајќи ги достигнувањата на изминатите генерации на професори и соработници кои учествуваа во основањето на факултетот. Токму затоа вложувањето на сиот стручен и научен кадровски потенцијал за развој на Факултетот и развивањето на основи за взаемната почит, ќе биде и натаму една од основните заложби на Деканатот во периодот што ни предстои.

Во текот на изминатите години со лукративни методи е дојдено до вработувња на 7 лица за кои добивме согласност од ресорните министерства. Земајќи во предвид дека за создавање на наставно-научен кадар се потребни соработници кои во просек од 5-7 години би ги добиле неопходните наставни и научни звања, можам слободно да кажам дека Факултетот може да се соочи со сериозни последици.

Дополнително, во мојот претходен мандат, се направени трансформации на 7 работни места кои со крајни напори и убедувања пред надлежните органи нашите докторанти успешно ги трансформиравме од ненставен во наставен персонал.

Во склоп на активностите од апликативна работа успеавме да го зголемиме бројот на тестирања со методи кои треба да ја гарантираат и обезбедат сигурноста и заштита на животните а преку тоа и населението на нашата држава од опасно преносливи заразни болести исполнувајќи ја Годишната наредба за искоренување на болести. Дополнително, за реализацијата на активностите од Програмата за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство исто така се планирани тестирање на голем број мостри на храна и храна за животни како и акредитација на нови методи. Овие активности се суштинско значење за заштита на јавното здравје преку конролата на храната од увоз но и од аналзите кои се на барање на операторите со храна со што се овозможува нашите производи да бидат пласирани на пазарите во странство.

За да се овозможи соодветен прием, обработка, тестирање и издавање на конечни резултати од тестирањата, а притоа да се запазат и исполнат критериумите предвидени со стандардот ISO 17025 по кој се акредитирани методите за дијагностика на заразните болести како и методите за испитување на безбедност и квалитет на храна неопходен е ангажман на персонал кој е обучен и профилиран од областа во која работиме.

Дополнително, на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетската ветеринарна болница има потреба од персонал, од доктори за ветеринарна медицина и ветеринарни техничари заради зголемениот обем на работа во клиниката и зглемениот број на пациенти.

Потребата од персонал за УВБ произлегува и од ургентноста за воведување на 24-часовно дежурство и сменско работење во болницата со зголемување на бројот на стажанти, студенти практичари, волонтери и воведување на т.н мобилна ветеринарна служба за потребите на сопствениците на домашните миленици. Овие идеи се високо во агендата на мојот иден мандат.

Цврсто сум убеден дека вложувањата во човечки ресурси е капитална инвестиција и е еден од основните предуслови за успешно реализирање на образовниот, научно-истажувачкиот и апликативен процес на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје. Денес се бара се поголем ангажман на наставниците, повеќе време за консултации со студентите, изведување на практична настава во помали групи итн. Земајќи во предвид дека наставно-

научниот кадар има поголеми ангажмани во лабораториите каде се изведува апликацијата недостатокот на кадар преставува сериозен проблем на ФВМС.

Како иден декан ќе се заложам со проактивен однос да се бара подршка од структурите во ресорните Министерства, пред се од образование и финасии, со цел проблемот да се надмине.

Приоритет ќе бидат асистентите кои за жал ги нема на ниедна катедра но исто така ќе се залагам и за вработување на доктори по ветеринарна медицина, стручни аналитичари и друг персонал кој е потребен на Факултетот.

При вработување на нови кадри, ФВМС ќе се води од препознавање на најдобрите студенти кои завршиле со највисок просек на студиите и кои имат видна мотивираност за работата во настава, наука и апликација што ќе биде еден од приоритетите на Деканатот. Сега ја имаме и можноста да ги потврдиме нашите потреби од млад кадар преку ангажман на демонстраторите кои треба да докажат дека ја заслужуваат престижната позиција за работа на ФВМС.

Не помалку важни се и вработувањата на помошниот кадар (лаборанти, ветеринарни техничари и сл.) кои се клучни за одржување на апликацијата на ФВМС. За таа цел ќе се обидеме за го одржиме оптималниот број на вработени со реорганизација и користење на внатрешните ресурси и потенцијали на помошниот персонал. Секако и во оваа сфера ќе настојуваме да имаме нови вработувања со што ќе го зајакнеме капацитетот на лабораториите.

Многу значаен сегмент во функционирањето на Факултетот е делувањето на стручно-административните службеници и помошно-техничките лица кои имаат значајна улога во подршка на сите дејности на ФВМС. Во минатиот период овој проблем од недостаток на ваков тип на кадар е премостен со јавна набавка и засега успешно се справуваме.

Меѓутоа, вработување на стручно-административен и помошно-технички персонал е исклучително важно. Грижата за кадровското подновување во овој сектор и во идниот период останува сериозен проблем и грижа на Деканатот, за кој неминовно ќе треба постојано да се бараат начини за надминување.

## 10. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ФВМС

Организационата поставеност на ФВМС е иста скоро 15 години и е утврдена со правните акти на ФВМС кои се усогласени со Законот за високото образование и актите на УКИМ.

Во претходниот мандатен период направена е организациска реформа единствено кај Универзитетската ветеринарна болница која претходно беше дел од Ветеринарниот институт, а сега е издвоена како засебна единица и е под надлежност директно под Деканатската управа.

Искуството покажа дека тоа е добар пример и дека реформите мора да се спроведат бидејќи денес УВБ работи со полн капацитет и стана препознатлив бренд на ФВМС. Има свои стручни колегиуми, решава самостојно за своите проблеми, прави стратегии за развој, организира практична настава и др., што преставува важен предуслов за развој на клиничката дејност.

Во изминатиот период се донесени скоро сите правни акти на ФВМС преку највисокиот орган на управување, наставно-научниот совет.

Еднинствениот правилник кој не е донесен е токму тој за внатрешната поставеност на ФВМС.

Во овој дел мора да истакнам дека за жал легислативата во нашата држава и правните акти по кои работи Факултетот наметнуваат правила кои се непознати или се несвојствени за една акедемска средина.

Денес поставеноста на голем дел од единиците во рамките на УКИМ е преку Институти како основни внатрешни организациони единици и ретки се оние факултети кои имаат друг тип на поставеност, преку оддели или катедри на кои почиваат традиционалните вредности на кои се основаат факултетите.

Правилото е наметнато во правните акти кои ја регулираат оваа област, каде раководителите на внатрешните наставно-научни организациони единици определени со статут, се избраат на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици.

На ФВМС, повеќето катедри како внатрешни единици имаат по еден до два члена, ретки се оние со по 4 или 5 члена а изборот на раководител на тајни и неспосредни избори е невозможен. Возможно е спојување на катедрите или

нивно групирање во повисок облик на организација кој го имаме сега преку т.н "институтска" поставеност на Факултетот.

Но дали во сегашната поставеност сите катедри припаѓаат во вистинската основна внатрешна единица на ФВМС е главното прашање на кое нема одговор повеќе од 15 години. Но затоа високо е почитувана академската слобода на изразување на наставно-научниот кадар од внатрешните единици на ФВМС.

Поделбата на дисциплините во ветеринарната медицина според Фраскатиевата класификација и ОЕЦД е пресликана во ЕАЕВЕ прирачниците и тоа е динамична структура која трпи промени се со единствена цел, функционалност.

Моменталната организациона поставеност на ФВМС според моите видувања како декан е одржлива, но поделеноста (и физичка, и персонална, и финансиска) е повеќе од очигледна и многу често се одразува на одлуките кои се донесуваат од највисоките органи за управување на Факултетот кои пак имаат реперкусии ( и негативни, и позитивни) по работата на ФВМС.

Во моментов, ФВМС има четири основни внатрешни единици за кои идниот Деканат треба да обезбеди континуиран раст и развој за да бидат самоодржливи. Сите се во различен степен на развој и помалку или повеќе допринесуваат кон развој и унапредување на ФВМС.

Но за да се развијат сите, потребно е допринос од сите вработени кои работат во нив. Потребана е голема мудрост, способност, почит и грижа а тоа се особините кои треба да ги поседува идниот декан на ФВМС за развој на капацитетите.

Не е возможно да имаме Факултет кој нема современи и развиени лаборатории за дијагностика и испитување но исто така непостои Факултет за ветеринарна медицина кој нема развиени клиники, катедри екипирани со наставно-научен кадар, наставни бази, доволен број на студенти и сл.

Како иден декан на ФВМС сметам дека внатрешната организација на ФВМС како единица на УКИМ треба да ја одслика реалната состојба на еден "ветеринарен факултет" а поставеноста треба да се движи само во насока која ќе овозможи осовременување на наставата, науката и апликацијата. Одсекојпат сум ги следел оргнизациските поставености на другите сродни факултети во регионот.

Ние сме различни со свои специфики и сме дизајнирани според потребите на нашето општество.

Затоа, уште во првата година од мојот нов мандат, доколку бидам избран за декан, ќе предложам реформи во организационата поставеност на Факултетот со повеќе опции и ќе отворам јавна дебата помеѓу членовите на наставно-научниот совет со основна идеја да се воспостави организациона поставеност на Факултетот каде внатрешните единици дефиинирани во Статутот со нивните компоненти ќе можат да обезбедат добра комуникација, рационална и оптимална употреба на ресурсите, спроведување на стратешки и оперативни планови за ефективен и ефикасен начин на работа со цел зголемување и оптимизација на сите капацитети на Факултетот.

Сметам дека на сите внатрешни единици треба да им се даде шанса да покажат дека самостојно во рамките на Факултетот можат да се носат со развојот на современата едукација и наука и дека можат да придонесат во апликацијата.

Клиничката дејност која е дел од апликацијата мора да прерасне во форма која ќе се наметне врз примарната ветеринарна медицина во државата и мора да биде темелот на ветеринарната професија за клиничка пракса од која ќе произлегуваат сите иновации и достигнувања во нашата држава.

Лабораториската дијагностика, стожерот на нашиот Факултет, институтски поставена треба да не биде поделена, ниту пак дуплирана особено онаму каде имаме акредитирани лабортории со исти методски принципи и начин на работа.

Меѓутоа, дјагностиката на болестите и испитувањето на кавалитетот и безбедноста на храната се темелот на Факултетот од финансика гледна точка и затоа секој експеримент може да доведе до несогледливи последици но исто така останувањето на идентична состојба повеќе децении може да не биде корисно за развојот на ФВМС.

Треба да биде организирана во облик кој ќе биде препознаен во државата и во форма која ќе може да користи се поголеми ресурси за нејзин иден развој пред се за применувачка дејност но и за научно-истражувачката работа која пак е основа за квалитетна едукација на нашите студенти, идните доктори по ветеринарна медицина што преставува основна дејност за која е основан Факултетот за ветринарна медицина-Скопје.

За овие прашања кои долго време не се отворени, како иден декан ќе се заложам да се изјаснат членовите на Наставно-научниот совет како нависок орган на управување на Факултетот и донесување на решение кое е општо прифатливо за сите нас. Волјата на научниот кадар е исто така важна и круцијална и ќе биде земена во предвид при носењето на одлуките затоа што сега и тие се дел од катедрите но исто така се важен сегмент од функционирањето на лабораториите односно севкупно вклучени се во едукацијата, науката и апликацијата на ФВМС.

За реформи се потребни мудри, сериозни и одмерени одлуки кои се засновани на анализи кои ќе се преточат во одлуки кои ќе ги донесе наставно-научниот совет на Факултетот.

Дискусиите во правец на исполнување на лични сатисфакции, погледи кон самите себе и индивидуализмот треба да не бидат составен дел од работата на ФВМС. Овие особености треба да се заменат со професионализам кој се темели на стручност и компетентност за извршување на работите со тимска работа во форма која ја одсликува реалноста на нашиот Факултет.

Доказ за постоење на капацитет на нашиот Факултет е чествувањето на 30 годишниот јубилеј кој треба да ја покаже нашата зрелост и спремност за иден развој, просперитет и успех кој ќе биде гарант за иднината на вработените на ФВМС но и на ветеринарната професија во Р С Македонија.

## 11. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење на сите високообразовни институции во земјата е согласно моменталните економски услови во државата и е многу усложнета.

На Универзитетот и Факултетите со закон им е загарантирана финансиката автономија каде јавните високообразовните установи самостојно располагаат со средствата добиени од партиципација од студентите и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи како што е апликацијата.

Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје како институција од јавен карактер со буџетскиот начин на финасирање, работата со финасиите го заснова

на детално изготвени планови за користење на средства и тоа од сопствената сметка кои самостојно ги заработуваме а се извршуваат согласно на принципите на трезорско работење.

Деканот е одговорен за почитување на Законот за буџет и буџетско работење, Законот за данок на додадена вредност, Законот за персонален данок, како и Законот за внатрешна финансиска контрола кои создаваат голем обем на работа.

Како и претходно, во согласност со законските регулативи со мое максимално залагање во сите домени и танспарентност во работењето ќе се заложам за подобрување на финансиското работење на Факултетот, како предуслов за институционална надградба и зајакнувањето на капацитетите, како и пораст и подобрување на стандардот и условите за работа на вработените.

Во изминатиот период заедно со мојот тим успешно ги смаливме бројот на должници кои ги имаше Факултетот, работевме рационално, домаќински а тоа се гледа од завршните сметки каде секоја година завршуваме со над 200 мил. денари приход кој се пренесува во следните години.

Тое е успех кој не се памети на ФВМС во претходните 30 години а се должи на вработените кои неуморно работат за добро на сите нас и секако се должи на мојот тим кој знаеше во вистинско време да превземе конкретни активности со кои го зголемуваше финасискиот капацитет на ФВМС.

Со донесените правилници за плата и одлуките на Деканатската управа се воспостави модел за наградување и мотивација на вработените користејќи парични и непарични стимуланси што преставува лична заложба на Деканатот обидувајќи се да ја зголеми мотивираноста кај вработените за поголем ангажман при извршувањето на работните задачи на Факултетот.

Оваа определба ќе продолжи и понатаму а ќе се базира на приеменливи алгоритми за успешноста на поединецот.

После долги години, конечно беше формиран централен магацин на ФВМС со кој се направи рационализација на потрошните материјали и реагенси, транспарентност во трошењето, набавките и сл., а се со една цел подобрување на финансиската состојба на Факултетот.

И понатаму како иден декан, ќе се заложам распределбата на средствата да биде според правична застапеност и во согласност со Правилниците кои ги

има усвоено ФВМС а воедно ќе се заложам и за развој на областите каде досега не е инвестирано воопшто, притоа водејќи посебна грижа за унапредување на единиците кои се носители на финансиите на ФВМС.

Ќе се заложам заедно со продеканот за финасии за воведување на квартални евиденции за финансиско планирање и аналитичко следење на приходите и расходите со цел да добиеме показатели кои ќе овозможат правилна распределба и прераспределба на финансиските средства во рамките на Факултетот.

Иако имаме финасиска автономија, таа не подразбора и самостојно располагање и трошење на средствата од самофинасирачки извори.

За жал иако сами ги заработуваме паричните средства, силно сме контролирани од државата преку трезорот и т.н "конта" кои ни ги доделуват квартално а многу често не соодвествуваат со годишните планови а знаат и преку ноќ да "исчезнат од системот" а притоа без да бидеме известени.

Тоа се сериозни проблеми затоа што предизвикуваат сериозно нарушување во реализацијата на плановите на Деканатската упрва и кои се наметнати од државата а не зависат од нас.

Во овој дел, како декан ќе се трудам максимално да добиеме што е можно повеќе на нашите конта за да можеме да се развиваме. Досегашната активност на мене како декан овозожи барем во капиталните инвестиции за опрема голем дел од доделените конта на Универзитетот да се доделуваат на ФВМС а за возила ние сме една од ретките единици на УКИМ кои ја имавме таа привилегија за нивна набавка. Овие заложби ќе се интензивираат а подршката од УКИМ е недвосмилсна и отворена кон нас благодарение на одличната соработка со највисоките структури на Ректоратот.

Ние сме една од ретките едици на УКИМ кои ги исполнуваат годишните планови до 99% затоа што планираме, создаваме, реализираме и сме одговорни пред целата зедница.

Во оваа смисла Деканатот заедно со Одделението за финансиски работи ќе се ангажира за рационална реализација на средствата од сопствената сметка кои согласно со условите за трезорско работење прецизно ќе се планираат по приходни и расходни ставки.

На Факултетот во изминатиот период се набавуваше преку системот за јвни набавки за што годишно навремемно се објувуваа и реализираа приближно 100 набавки за што беше потребно силна подршка од администрацијата и останатите вработени вклучени во процесот. Оваа состојба ќе продолжи и понатаму а Факултетот ќе работи единствено по позитивните законски норми кои важат за јавните набавки.

Ќе настојувам прецизно да се следат договорите склучени врз основа на јавните набавки, и рационално да се следат нарачките и потрошувањето на реагенсите односно да може да се работи што е можно подомаќински. Тоа ќе биде основа за распишување на следните набавки со кои рацонално ќе се извршуваат превеземените активности кон нашите комитенти.

За услугите кои се изведуваат на ФВМС преку јавните набавки (сервисирање, калибрации, верификации, одржување, хигиена, обезбедување и сл.) ќе се надгради посебен модул во системот кој го поседуваме со цел софтверска анализа на овие активности кои се серозна расходна ставка од буџетот на ФВМС а се повеќе од неопходни за функционирање на сите структури.

Во неколку наврати како декан се обидов да ја зголемам и платата на вработените. Но во овие услови, со оваа законска легислатива и финасирање тоа е невозможно иако акумулиравме сопствени средстава и тоа за подолг рок.

Како пример за тоа е минатиот труд кој од јануври 2021 година го плаќа државата а тоа значи дека имаме ослободување на сопствените средства од самофинанситачки извори и малку зголемена маса. Иако се обидовме, државата тоа не го дозволува. Затоа, доколку дојде до измени во државниот систем на финсирање, како иден декан повторно ќе реагирам а се со цел да се подобри благосостојбата на нашите вработени.

И понатаму, ќе настојувам Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје да соработува со сродните факултети на УКИМ и со други факултети од областа на ветеринарната медицина пред се во регионот, особено за апликација на меѓународни проекти, при што секој вработен ќе се потикнува да аплицира проекти со цел да се подобри финасиската состојба на ФВМС.

## 12.ЗАКЛУЧОК

Програмата која ја доставувам за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје е само дел од планирањата и активностите кои ќе ги превземам заедно со мојот тим.

Како гаранција за моето безрезервно идно залагање за благосостојбата на Факултетот и сите вработени во него, можам да се повикам на успешните резултати и решенија кои ги понуди и реализира досегашната Деканатска управа.

И покрај многуте, воглавно неповолни, објективни и субјективни фактори кои несомнено влијаеа врз условите за работа, сепак и при такви прилики, со големо залагање на сите нас, беа постигнати резултати достојни за почит.

Доколку, Наставно–научниот совет на Факултетот ја поддржи оваа програма и ме избере за декан, функција ќе ја извршувам како и досега чесно, совесно, одговорно и единствено во интерес на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

Проф. д-р Лазо Пендовски